Стопанска комора на Македонија СКМ-ЗП-РУ-08/02
- Асоцијација на осигурително брокерски друштва -
Бр.68- 1671/3
30.10.2019 год.
С к о п ј е

**З А П И С Н И К**
**од седница на Асоцијацијата на осигурително брокерски друштва**

**Датум и место: 29.11.2019 година; сала 53, 4-ти кат Стопанска комора на Македонија,**

Присутни: Осигурително-брокерски друштва-членови на Асоцијацијата.

**Д н е в е н р е д**

1. Учество во јавна расправа за измени на услови за посредување при осигурување поради ограничување на стапка на провизија за посредување при задолжително осигурување од автомобилска одговорност и зелена карта на 15%;

2. Разно

**Точка 1. Учество во јавна расправа за измени на услови за посредување при осигурување поради ограничување на стапка на провизија за посредување при задолжително осигурување од автомобилска одговорност и зелена карта на 15%;**

Асоцијација на осигурително-брокерските друштва при Стопанската комора на Македонија, на седницата одржана на 29.11.2019 година, расправаше за одредени актуелни состојби и активности кои се од значење на осигурителниот сектор во земјава.

Имено, според неофицијални информации на компании-членки на Асоцијацијата, во подготовка се измени на одредени законски решенија со кои на директен начин се засегнати брокерските друштва кои работат на осигурителниот пазар.

Со оглед дека до Асоцијацијата на осигурително-брокерските друштва не е доствена официјална информација за евентуални измени, како засегната страна и форма на организирање и работење на Стопанската комора на Македонија, која има легитимитет да ги штити интересите на брокерските друштва, се заклучи:

- Да се достават дописи до заменик претседателот на Владата задолжен за економските прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, Министерство за финансии на РСМ, Агенција за супервизија на осигурување и Национално биро за осигурување, со барање конкретна информација за промените, кои закони би биле предмет на измена и кои се причините за тоа;

- Доколку е отпочнат процес за промени во врска со условите за посредување при осигурување, Асоцијацијата на осигурително-брокерски друштва бара да се вклучи во јавна расправа за истите и со конструктивни мислења и аргументирани ставови значајно да допринесе при донесувањето на квалитетни законски решенија од интерес на целиот осигурителен сектор. Ова особено се однесува на условите за посредување при задолжително осигурување од автомобилска одговорност и зелена карта, за што членките имаат сознанија дека се предлага да претрпат измени, со акцент на ограничувањето на висината на провизијата која осигурителните друштва ја исплаќаат на осигурително брокерските друштва по наплатена премија за осигурување од класа десет.

Со оглед дека не се познати деталите околу предвидените измени, ќе се наведат неколку аргументи кои би требало да се имаат во предвид, како од аспект на практичното работење и учеството на брокерските друштва во осигурителниот пазар, така и од аспект на уставноста и законитоста на евентуалните промени, во контекст на аспирациите на земјата за членство во Европската Унија.

Така, како појдовна основа треба да се земе во предвид фактот дека во текот на 2018 година 48,74% (2017: 50,62%) од остварената бруто полисирана премија е реализирана преку директна продажба од страна на друштвата за осигурување, додека 51,26% (2017: 49,38%) е остварена преку индиректни канали на продажба.

Компаниите-членки на Асоцијацијата сметаат дека со ограничувањето на висината на провизијата по наплатена премија за осигурување од автоодговорност и зелена карта ќе се нанесе сериозна штета на осигурителниот сектор во земјава и ќе се доведе во прашање конкуретноста на брокерските друштва на пазарот.

Ваквиот став е поткрепен од две основи:

Првата се однесува на контрадикторноста на ваквото ограничување и членот 55 од Уставот кој ги гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, но и на Европската Унија кон која аспирираме.

Второ, ваквото ограничување практично ќе му наштети на еден сектор кој сеуште е во развој какво што е осигурувањето кај нас. Искуствата од соседните земји каде што слично решение е на сила, кажуваат дека истото значително ја засилува нелојалната конкуренција и сивата економија.

Поради наведеното, Асоцијацијата категорично е против ваквото најавено решение и апелира низ една продлабочена јавна расправа, заеднички да се изнајде поквалитетно решение кое ќе ги постигне посакуваните цели.

Претседател,
Елена Тодорова, с.р.